може да се каже дека земјите членки на ЕУ одвојуваат од 0,19% од БДП во Данска до 1,40% во Италија (Грција 1,1%). Земјите на Централна и Источна Европа одвојуваат околу 0,20% од БДП. За Македонија овие податоци се се уште мистерија за јавноста.

• Државата има улога и во начинот на кој се распределуваат средствата за здравствено осигурување. Осигурувањето во системот би требало да гарантира широка превентива на оралните проблеми, а доколку се случат, системот преку осигурувањето би требало да понуди ослободување од болката, реставрирање на функцијата и естетиката.

• Создавање на услови за унапредување на оралното здравје на населението исто така е задача на државата. Унапредување на оралното здравје е една од примарните цели на јавното здравство, и е дефинирано како наука и умешност за превенирање на оралните заболувања, одржување на природните заби во устата што подолго и промовирање на оралното здравје преку организирани напори на државата.

• За поставување на стандардите, државата треба да овозможи основен пакет на бенефити за користење на стоматолошки услуги, во рамките на задолжителното осигурување, а во поглед на зајакнување на стандардите и подобар квалитет на услугите, државата треба да овозможи дополнително здравствено осигурување за користење на надстандардни стоматолошки услуги и, секако, контрола врз овие средства од страна на осигурениците.

Од медиумите дознаваме дека со новите реформи во здравството се предвидува воведување на дополнително здравствено осигурување во Р. Македонија во рамките на Фондот за здравствено осигурување. Истовремено се планира зголемување на партиципациите од страна на осигурениците од 20%, дури и на 90% за одредени услуги како што се стоматолошките. Што значи тоа? Фондот ќе го зголеми приливот на средства на име на здравствено оигурување на граѓаните но...... Дали со дополнителното осигурување осигурениците ќе бидат лишени од правото на бенефити за стоматолошките интервенции? Дали во држава во која куповната моќ на граѓаните од ден на ден се намалува, државата треба да им го одземе правото на користење на одредени бенефити за стоматолошки услуги на граѓаните кои одвојуваат или одвојувале (пензионерите) за здравствена заштита, а кое право го имаат во другите земји со транзициони економии? Дали стоматологот е тој кој треба да плаќа сумата?!

Граѓаните во Р. Македонија, особено оние кои припаѓаат на возрасната група, најмалку се виновни за крајно лошата состојба на нивното орално здравје. Оралноздравствената просветеност и култура на нашето население се на исклучително ниско ниво. Граѓаните не се виновни за нивната неинформираност за значењето на оралното здравје и можните последици од оралните заболувања по нивното општо здравје. **Отсуството на програми за превенција од оралните заболувања во изминатите години,** се **главна причина** за големата застапеност на оралните заболувања кај нас и за високиот процент на делумна или тотална беззабост кај возрасната популација.

Знаејќи дека секој граѓанин има право и должност да го унапредува сопственото здравје, значи дека доколку државата не му даде можност превентивно да го заштити своето здравје, со тоа практично му го нарушува уставното начело. Впрочем, видовме дека создавање на услови за унапредувањето на оралното здравје на населението е ОБВРСКА на државата. Базирајќи се на овие факти, сметам дека **постои голема причина од државата да се бара на граѓаните да им се овозможат одредени финансиски бенефити за поголем дел од стоматолошките интервенции.**

Оралното здравје на населението во една држава е резултат на постојаната борба помеѓу државата од една и спроведувачите на стоматолошките услуги и нивните корисници од друга страна. Можеби тренд е државите да ги намалуваат средствата за орална здравствена заштита, но видовме и дека во државите со транзициони економии, граѓаните имаат широка палета на стоматолошки услуги кои се покриени од страна на државата. Што се случува кај нас? **Државата сака да им го одземе на осигурениците и она минималното што го имаат во моментов во однос на бенефитите за стоматолошки услуги.** Тоа како стоматолози, НЕ СМЕЕ да го прифатиме.

Во тој контекст може да се посочи една од карактеристиките својствени за промените, дадена од страна на познавачот на промените, психологот Kurt Lewin која гласи:

"За да настане некаква промена потребно е да се најдат поддржувачи (reform champions) кои ќе придонесат во процесот на нејзиното реализирање", во дадениов случај се бара:

- **поддршка од здравствените работници,**
- **поголем број на граѓани да веруваат дека промените ќе водат кон подобар орален здравствен систем.**

Почитувани колеги, ние мора да ги бараме од државата своите права како стоматолози, но истовремено сме должни да им ги посочиме правата на нашите пациенти – осигуреници, активирајќи ги и здруженијата за заштита на нивните права, бидејќи тие се наш најјак сојузник. Преку остварување на правата на нашите пациенти, за кои е надлежна државата, ние може да ги оствариме и нашите права и да бидеме позадоволни во нашиот систем за орална здравствена заштита.

**Јулијана НИКОЛОВСКА, dr sci**

## ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Земјите со транзициони економии обезбедуват основен пакет на услуги и разни форми на дополнително плаќање за надстандардни стоматолошки услуги.
2. Неопходност од преземање на низа активности од страна на државата за подигнување на свеста кај населението во Р. Македонија за значењето на оралното здравје.
3. Неопходност од воведување на **основен пакет на бенефити за стоматолошки услуги**, во рамките на задолжителното здравствено осигурување во РМ.
4. Воведување на систем на **дополнително здравствено осигурување** за користење на надстандардни стоматолошки услуги, но **под услов** осигурениците да имаат контрола над тие средства и дел од тие средства да бидат наменети исклучиво за нивните потреби од стоматолошки интервенции.
5. Систем за орална здравствена заштита **не може** да биде успешен и ефикасен доколку не се задоволени и спроведувачите на орално здравствените услуги (стоматолозите) и нивните корисници, осигурениците, односно нашите пациенти.